# Дневна хемеротека за *15.06.2017г.*

## МИА - [*Министерот Дураку на средби во Струга во врска со дивата градска депонија*](http://www.mia.mk/mk/Inside/RenderSingleNews/31/133737116)

**http://www.mia.mk/mk/Inside/RenderSingleNews/31/133737116**

### Министерот Дураку на средби во Струга во врска со дивата градска депонија

среда, 14 јуни 2017 15:48



**Струга, 14 јуни 2017 (МИА) –** Министерот за животна средина и просторно планирање Садула Дураку денеска беше во работна посета на Струга, каде оствари средба со в.д. градоначалникот, Забзун Мустафа посветена на проблемот што жителите на градот и околината го имаат со одлагањето на отпадот во нивната општина.

Дураку истакна дека депонијата е проблем што треба де се реши најбрзо што може. Нагласи дека со одлука на Владата, Министерството за животна средина формира работна група за разгледување на проблемот со депонијата, во чиј состав освен од Министерството за животна средина, членуваат и претставници на министерствата за здравство, за транспорт, од Дирекцијата за заштита и зпасување и од Дирекцијата за кризи.

- Како Влада ќе превземаме чекори за решавање на овој проблем по сугестии на работната група, рече Дураку според кого приоритет е да се изгасне пожарот во депонијата.

Запрашан како ќе го решат проблемот со депонијата во Струга тој најави користење средста од ИПА фондовите.

- Сите диви депонии во Република Македонија новиот министер што сега дошол не може да ги реши за еден месец. Градоначалниците на оштината имаат регионални проекти кои ќе се финансираат од ИПА фондовите и дивите депонии многу брзо во рок од една или две години ќе се затворат, вели министерот за животна средина.

Градоначалникот на Струга Мустафа истакна дека во неколку наврати во минатото барале решение за проблемот.

- Не наидовме на добра волја тогаш, но веќе од првиот ден на формирањето на новата Влада испратив повторно барање за решавање на овој проблем. Се надевам дека со брзата реакција, преку заеднички напори ќе најдеме решение за прашањето, рече Мустафа, истакнувајќи дека општината сама нема сила да се справи со проблемот.

Како моментално решение тој најави ангажирање на експерти по ова прашање на локално и национално ниво, да изнајдат решенија.

На вчера одржаната седница на Владата било дискутирано за проблемот со дивата депонија во Струга, при што е формирана посебна работна група задолжена да изврши увид во ситуацијата и да достави предлог за изнаоѓање решение за проблемот.

Зоран Шапуриќ, кој е член на работната група истакна дека тука се во име на Владата да помогнат во решавањето на проблемот, за кој потсети дека е во надлежност на локалната самоуправа.

- Владата преку работни групи ќе преземе краткорочни мерки за решавање на проблемот, додека како долгорочно решение ќе се пристапи кон изградба на регионални депонии, за кои би се користеле и средства од претпристапните фондови на ЕУ, истакна тој, најавувајќи дека Владата ќе биде информирана со цел изнаоѓање конкретни решенија.

Како првични краткорочни решенија тој посочи конкретни активности за гасење на пожарот на депонијата, со ангажман на расположивата градежна механизација за конзервирање на депонијата.

Граѓани на Струга организирани во повеќе граѓански иницијативи изминатиот период одржаа неколку протести на кои беше испратено барање за итно решавање на проблемот со дивата депонија лоцирана во непосредна близина на градот.

Јованчо Угреновиќ од Граѓанската иницијатива „Доста" чии претставници присуствува на денешната средба со министерот Дураку, истакна дека депонијата веќе десетина години е извор на загадување и причина за тешки заболувања кај граѓаните на Струга и околните места, за чиј број рече дека е во пораст. Тие бараат нејзино итно затворање и дислокација на местото за одлагање на отпадот од градот и околните населени места. **аб/вг/15:40**

## Сител - [Министерот Дураку на средби во Струга во врска со дивата градска депонија](http://sitel.com.mk/ministerot-duraku-na-sredbi-vo-struga-vo-vrska-so-divata-gradska-deponija)

http://sitel.com.mk/ministerot-duraku-na-sredbi-vo-struga-vo-vrska-so-divata-gradska-deponija

# Министерот Дураку на средби во Струга во врска со дивата градска депонија



Министерот за животна средина и просторно планирање Садула Дураку денеска беше во работна посета на Струга, каде оствари средба со в.д. градоначалникот, Забзун Мустафа посветена на проблемот што жителите на градот и околината го имаат со одлагањето на отпадот во нивната општина.

Дураку истакна дека депонијата е проблем што треба де се реши најбрзо што може. Нагласи дека со одлука на Владата, Министерството за животна средина формира работна група за разгледување на проблемот со депонијата, во чиј состав освен од Министерството за животна средина, членуваат и претставници на министерствата за здравство, за транспорт, од Дирекцијата за заштита и зпасување и од Дирекцијата за кризи.

- Како Влада ќе превземаме чекори за решавање на овој проблем по сугестии на работната група, рече Дураку според кого приоритет е да се изгасне пожарот во депонијата.

Запрашан како ќе го решат проблемот со депонијата во Струга тој најави користење средста од ИПА фондовите.

- Сите диви депонии во Република Македонија новиот министер што сега дошол не може да ги реши за еден месец. Градоначалниците на оштината имаат регионални проекти кои ќе се финанцираат од ИПА фондовите и дивите депонии многу брзо во рок од една или две години ќе се затворат, вели министерот за животна средина.

Градоначалникот на Струга Мустафа истакна дека во неколку наврати во минатото барале решение за проблемот.

- Не наидовме на добра волја тогаш, но веќе од првиот ден на формирањето на новата Влада испратив повторно барање за решавање на овој проблем. Се надевам дека со брзата реакција, преку заеднички напори ќе најдеме решение за прашањето, рече Мустафа, истакнувајќи дека општината сама нема сила да се справи со проблемот.

Како моментално решение тој најави ангажирање на експерти по ова прашање на локално и национално ниво, да изнајдат решенија.

На вчера одржаната седница на Владата било дискутирано за проблемот со дивата депонија во Струга, при што е формирана посебна работна група задолжена да изврши увид во ситуацијата и да достави предлог за изнаоѓање решение за проблемот.

Зоран Шапуриќ, кој е член на работната група истакна дека тука се во име на Владата да помогнат во решавањето на проблемот, за кој потсети дека е во надлежност на локалната самоуправа.

- Владата преку работни групи ќе преземе краткорочни мерки за решавање на проблемот, додека како долгорочно решение ќе се пристапи кон изградба на регионални депонии, за кои би се користеле и средства од претпристапните фондови на ЕУ, истакна тој, најавувајќи дека Владата ќе биде информирана со цел изнаоѓање конкретни решенија.

Како првични краткорочни решенија тој посочи конкретни активности за гасење на пожарот на депонијата, со ангажман на расположивата градежна механизација за конзервирање на депонијата.

Граѓани на Струга организирани во повеќе граѓански иницијативи изминатиот период одржаа неколку протести на кои беше испратено барање за итно решавање на проблемот со дивата депонија лоцирана во непосредна близина на градот.

Јованчо Угреновиќ од Граѓанската иницијатива „Доста“ чии претставници присуствува на денешната средба со министерот Дураку, истакна дека депонијата веќе десетина години е извор на загадување и причина за тешки заболувања кај граѓаните на Струга и околните места, за чиј број рече дека е во пораст. Тие бараат нејзино итно затворање и дислокација на местото за одлагање на отпадот од градот и околните населени места.

## ТВ21 - *Министерот Дураку вети брзо решение за струшката депонија*

http://tv21.tv/mk/%d0%bc%d0%b8%d0%bd%d0%b8%d1%81%d1%82%d0%b5%d1%80%d0%be%d1%82-%d0%b4%d1%83%d1%80%d0%b0%d0%ba%d1%83-%d0%b2%d0%b5%d1%82%d0%b8-%d0%b1%d1%80%d0%b7%d0%be-%d1%80%d0%b5%d1%88%d0%b5%d0%bd%d0%b8%d0%b5-%d0%b7/



# Министерот Дураку вети брзо решение за струшката депонија

Jun 14, 2017 457 0

Ќе се најде решение и за струшката дива депонија, со сигурност ветува новиот министер за животна средина, Садула Дураку кој го посети местото каде што градот го фрла отпадот и разговараше со новиот градоначалник, Мустафа Забзун. Дураку рече дека наскоро ќе згасне огнот кој го согорува отпадот и местото ќе се конзервира се додека долгорочно решение

„Одлучивме министерството за животна средина да направи комисија со одлука на владата. Работната група е тука присутна и ќе ја разгледа ситуацијата . Работната група се состои од министерството за животна средина, министерството за здравство, министерството за транспорт, управата за спасување и управата за кризи", изјави министерот Дураку.

„Се сретнавме со министрите, формирани се експертни групи бидејќи проблемот е многу димензионален, најпрво треба да се згасне депонијата, второ треба да се конзервира кога ќе се згасне оганот и да се најде решение за овој проблем", изјави градоначаникот на Струга, Мустафа Забзун.

Граѓаните на Струга бараат што побрзо да се најде решение, да се дислоцира депонијата. Затоа што меѓудругото влијае и за намалување на туристите во градот. Дураку се залага за решевања на сите слични проблеми, присустни во другите општини низ Македонија , со помош на фондови од програмата ИПА на Европската Унија.

## +инфо - [Дураку: Ќе се предложат итни решенија за депонијата во Струга]

http://plusinfo.mk/vest/117918/duraku-kje-se-predlozat-itni-reshenija-za-deponijata-vo-struga

За решавање на проблемот со непрописното одлагање на комуналниот отпад се очекува финансиска подршка од ИПА фондовите. Министерот за животна средина и просторно планирање Садула Дураку, заедно со Зоран Шапуриќ министер без ресор задолжен за ...

## Нова ТВ - [Струшката дива депонија мора итно да се реши]

http://novatv.mk/strushkata-diva-deponija-mora-itno-da-se-reshi/

Министерството за животна средина и просторно планирање донело одлука за формирање комисија која ќе бара ургентни и ефиксни и долгорочни мерки за решавање на проблемот со дивата депонија во Струга.

## Слободен Печат - [Дураки: Ќе се предложат итни решенија за депонијата во Струга]

http://www.slobodenpecat.mk/politika/duraki-ke-se-predlozhat-itni-reshenija-za-deponijata-vo-struga/

Министерот за животна средина и просторно планирање Садула Дураки, заедно со Зоран Шпуриќ министер без ресор задолжен за регулативата за подобрување на бизнис клима за домашните претпријатија и Рамиз Мерко министер без ресор задолжен за странски ...

## Telegrafi – Ministrat pa ygjidhje për deponinë në Strugë

http://telegrafi.com/ministrat-pa-zgjidhje-per-deponine-ne-struge/

# Ministrat pa zgjidhje për deponinë në Strugë



Ministri i ambientit, Sadulla Duraku dhe ministrat pa resor Zoran Shapuriq e Ramiz Merko tani për tani nuk kanë zgjidhje konkrete për problemin me deponinë e Strugës. Pas takimit me ushtruesin në detyrë kryetar i Strugës, Mustafa Zabzun, vendosën që puna t'i kalohet ekipeve të ekspertëve të cilët masat do t'i dorëzojnë në qeveri, përcjell Telegrafi Maqedoni.

Ministri i ekologjisë Sadulla Duraku, i cili vjen nga rajoni i cili ballafaqohet me problemin e deponive, tha se në ministri kanë hartuar plan për çështjen e deponive. Ndërsa, sipas u.d kryetarit të Strugës, në këtë rast bëhet fjalë për problem qeveritar e jo për lokal.

Përkundër paralajmërimeve të ministrave, qytetarët për nesër paralajmëruan protestë./Telegrafi/

## Albeu - [Duraku premton zgjidhje urgjente për deponinë në Strugë](http://www.albeu.com/maqedoni/duraku-premton-zgjidhje-urgjente-per-deponine-ne-struge/313179/)

http://www.albeu.com/maqedoni/duraku-premton-zgjidhje-urgjente-per-deponine-ne-struge/313179/

# Duraku premton zgjidhje urgjente për deponinë në Strugë



**Abonohu për lajmet me e-mail:**

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Sadulla Duraki së bashku me ministrin pa resor përgjegjës për rregullativën e përmirësimit të biznes klimës për ndërmarrjet e vendit Zoran Shapuriq dhe ministrin pa resor përgjegjës për investimet e jashtme Ramiz Merko, sot e vizituan komunën e Strugës ku biseduan dhe i shqyrtuan zgjidhjet e mundshme për sanimin e problemeve të shkaktuara nga deponia e egër në Strugë.

"Sot jemi në Strugë për të shqyrtuar problemin me deponinë në këtë qytet, i cili kërkon zgjidhje të shpejtë.

Ne si Ministri, në bazë të konkluzionit nga seanca e djeshme e Qeverisë së RM-së, morëm vendim të formojmë një komision, i cili do të punojë intensivisht për gjetjen e masave urgjente efikase dhe afatgjata për zgjidhjen e këtij problemi.

Grupin punues do ta përbëjnë përfaqësues të Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, Ministrisë së Shëndetësisë, Ministrisë së Transportit dhe Lidhjeve dhe Drejtorisë për mbrojtje dhe shpëti"", deklaroi ministri Duraki, duke theksuar se Ministria në bashkëpunim me kryetarët e komunave, në periudhën që vijon do të punojë në pastrimin e të gjitha deponive të egra që kuptohet është proces, i cili kërkon kohë dhe mjete.

Për zgjidhjen e problemit të hedhjes së paligjshme të mbeturinave komunale pritet ndihmë financiare nga IPA fondet. /albeu.com/

## Aktuale- Duraki Do të propoyohen zgjidhje urgjente për deponinë në Strugë

http://www.aktuale.mk/duraki-do-te-propozohen-zgjidhje-urgjente-per-deponine-ne-struge/



# Duraki: Do të propozohen zgjidhje urgjente për deponinë në Strugë

on: 14/06/2017 In: Maqedoni, Top lajm Print Email

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Sadulla Duraki së bashku me ministrin pa resor përgjegjës për rregullativën e përmirësimit të biznes klimës për ndërmarrjet e vendit Zoran Shapuriq dhe ministrin pa resor përgjegjës për investimet e jashtme Ramiz Merko, sot e vizituan komunën e Strugës ku biseduan dhe i shqyrtuan zgjidhjet e mundshme për sanimin e problemeve të shkaktuara nga deponia e egër në Strugë.

"Sot jemi në Strugë për të shqyrtuar problemin me deponinë në këtë qytet, i cili kërkon zgjidhje të shpejtë. Ne si Ministri, në bazë të konkluzionit nga seanca e djeshme e Qeverisë së RM-së, morëm vendim të formojmë një komision, i cili do të punojë intensivisht për gjetjen e masave urgjente efikase dhe afatgjata për zgjidhjen e këtij problemi. Grupin punues do ta përbëjnë përfaqësues të Ministrisë së Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor, Ministrisë së Shëndetësisë, Ministrisë së Transportit dhe Lidhjeve dhe Drejtorisë për mbrojtje dhe shpëtim", deklaroi ministri Duraki, duke theksuar se Ministria në bashkëpunim me kryetarët e komunave, në periudhën që vijon do të punojë në pastrimin e të gjitha deponive të egra që kuptohet është proces, i cili kërkon kohë dhe mjete.

Për zgjidhjen e problemit të hedhjes së paligjshme të mbeturinave komunale pritet ndihmë financiare nga fondet e IPA-s.

**24 Вести - [Протести во Струга и денеска - ќе се најде ли решение за струшката депонија?]**

http://24vesti.com.mk/kje-se-najde-li-reshenie-za-strushkata-deponija

# Протести во Струга и денеска - ќе се најде ли решение за струшката депонија?

15.06.2017 | 09:55 Македонија Прочитано: 878



Револтот кај стружани не стивнува, протестите продолжуваат и денеска. Се уште нема конкретни решенија за проблемот со струшката дива депонија.

Иако министрите без ресор и животна средина веднаш се одзваа на апелот од граѓаните и излегоа на терен не изнесоа конкретни временски рокови за тоа кога стружани ќе почнат да дишат чист воздух.

И понатаму не се знае кога депонијата ќе се изгасне, премести или конзервира како што бараат граѓаните.

Засега министерството ја препушта работата на експертски тимови кои следниве денови ќе ја испитуваат состојбата, а заклучоците ќе ги изнесат на владина седница која дополнително ќе одлучува како ќе постапува и ќе го решава проблемот.

И додека владини експерти ја испитуваат состојбата, граѓаните ќе продолжат со протестите, најавија блокади на патните правци се додека властите не им го вратат чистиот воздух.

**Telegrafi - Paralajmërohen protesta të reja në Strugë**

http://telegrafi.com/paralajmerohen-protesta-te-reja-ne-struge/

# Paralajmërohen protesta të reja në Strugë

LSh Lirim Shabani




Edhe sot do të organizohen protesta në qytetin e Strugës për shkak të deponisë së hedhurinave, e cila këto ditë ka shkaktuar shqetësim të madh te struganët, përcjell Telegrafi Maqedoni.

Ende nuk ka ndonjë zgjidhje konkrete për këtë problem ekologjik edhe pse ministrat pa resor reaguan ndaj thirrjeve që të ndërmerret diçka në këtë drejtim. Sipas 24Vesti, tani për tani Ministria e mjedisit e ka lënë këtë çështje në duar të ekipeve eksperte të cilët pritet ta shqyrtojnë problemin./Telegrafi/

## Aktuale-: Zjarr i madh në deponinë e Strugës (VIDEO)

http://www.aktuale.mk/lajm-i-fundit-zjarr-i-madh-ne-deponine-e-struges-video/



# LAJM I FUNDIT: Zjarr i madh në deponinë e Strugës (VIDEO)

on: 14/06/2017 In: Aktuale, Maqedoni Print Email

Një zjarr i madh ka përfshirë deponinë e Strugës. Ekipet e zjarrfiksave dhe vendasit janë duke luftuar me flakët e cila sot pasdite shpërtheu në deponinë e Strugës. Nuk dihet shkaku i zjarrit.

Për shkak të erës zjarri u përhap përgjatë deponisë. Tymi tashmë ka filluar të krijojë probleme ndaj banorëve të fshatrave përreth.

Sipas njoftimeve të para, ekipet janë në vend dhe janë duke u përpjekur për të vënë nën kontroll flakët.

Sipas informacioneve nga SPB-Strugë, ende është i paqartë shkaku i zjarrit në deponinë e Strugës.


Пожар на струшката депонија

## Вечер - [Во Европа има висока смртност поради загадувањето на животната средина]

http://vecer.mk/svet/vo-evropa-ima-visoka-smrtnost-poradi-zagaduvanjeto-na-zhivotnata-sredina

СВЕТСКА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА

# Во Европа има висока смртност поради загадувањето на животната средина

**Околу половина од овие смртни случаи се предизвикани од надворешно загадување на воздухот, како и со загадување на воздухот во затворен простор**



Секоја година, најмалку 1,4 милиони Европејци умираат поради болести предизвикани од загадување на животната средина, што е 15 проценти од вкупниот број умрени на годишно ниво во Европа, се наведува во извештајот што во понеделникот го објави Светската здравствена организација (СЗО).

Околу половина од овие смртни случаи се предизвикани од надворешно загадување на воздухот, како и со загадување на воздухот во затворен простор.

Регионалната канцеларија за Европа на Светската здравствена организација (СЗО/Европа), Економската комисија на Обединетите нации и програмата за животна средина на ОН ги повикаа европските лидери да се ангажираат во превенција на смртните случаи предизвикани од загадување на животната средина.

- Во ерата на одржлив развој, ние можеме да спречиме 1,4 милиона смртни случаи предизвикани од загадување на животната средина, на начин што ќе направиме здравјето да биде политички избор во сите владини сектори, изјави регионалната директорка на СЗО за Европа Сузана Јакаб и ги повика сите европски лидери да ја засилат политиката на одржлив развој и на тој начин да одговорат на здравствените предизвици во 21 век.

Овој повик, како што се наведува, доаѓа во пресрет на Шестата министарска конференција за животна средина и здравје, што започна во Острава, во Чешка.

Новиот заеднички извештај на СЗО, Економската комисија на Обединетите нации и програмата за животна средина на ОН е објавен под називот „Животната средина и здравјето за европските градови во 21 век: создавање промени".

Факторите на ризик што ги создава загаденото животно опкружување е причина за околу 26 проценти од исхемиските (конорарни) болести на срцето, 25 проценти од мозочните удари и 17 проценти од туморите во Европа.

Најголем „убиец" во Европа кога станува збор за животната средина е загаденоста на воздухот, што е причинител за 620.000 смртни случаи на годишно ниво.